СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1276/2022
Дата........................
11 -07- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врски се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., Општина Штип.**

Вкупната површината на планскиот опфат изнесува 117,08 ha.

Површината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 1,062 ha, додека за останатата површина од 116,02 ha издадени се Услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., КО Ново Село, КО Штип1, КО Штип5, Општина Штип, тех. бр. Y23221 со Решение бр. УП1-15 1470/2021 од 06.10.2021 год.

Во непосредна близина на планскиот опфат има издадено:

-Услови за планирање на просторот за изградба на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш со техн. бр. Y35114;

- Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на град Штип, тех.бр. Y04013.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Планскиот опфат се граничи со гасовод за кој што се изработени:

-Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 1: Клечковце-Штип-Кавадарци со тех. бр. Y20911

Планскиот опфат навлегува во з.з. на карго аеродром Штип и спортски аеродром Штип.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y23221i** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05,


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk